#INNO4EDU

| | |
|---|---|
| **Наслов на активноста** | |
| Правиме сладолед | |
| **Возраст** | |
| 3-6 години | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Истрајност, љубопитност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 30 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Да се развива способноста кај детето за изнаоѓање на сопствени пристапи во решавање на проблематични ситуации. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето користи различни начини за постигнување на посакуваната цел. | |
| **Насоки** | |
| **<u>Претходна подготовка за активност</u>**<br>Изработка на кутија со сладолед во која има три дупки во коишто ќе се вметнуваат топките и сечење на картички од прилогот.<br>**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**<br>Се објаснуваат правилата на играта, односно потребно е во кутијата да се ставаат топчињата со соодветната боја од извлечената картичка на детето.<br>**<u>Активност/игра</u>** | |

На масата има поставено картички на кои има изработено сладоледи со топки/кругови црно бели, кои треба да се обојат во различен распоред на бои од боите на топчињата за игра (црвена, жолта, зелена и сина или по избор на родителот и детето).

Детето треба да ги намести топките во дупките на кутијата со сладолед по ист редослед како што се обоени на картичките.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| <u>Прилог бр. 1</u><br>Лист во А4 со насоки за играње<br><br><u>Прилог бр. 2</u><br>Картички со сладолед за боење (20 на А4)<br><br><u>Прилог бр. 3</u><br>Видео со приказ на изработка | • картонска кутија со капак (од чевли)<br>• дрвени боици<br>• топки во црвена, жолта, зелена и сина боја (или по избор) |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Александра Јосифова, Данка Станкова, Марија Петрова, Габриела П. Коцева, Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајнери: Катерина Николовска, Димитар Тробаков

Видео сниматели и монтажер: Борис Таковски

Лектура: Јана Михајловска - Иванов

Превод: Агим Лека








1
2
3
4

